# Географија VII одд

Тема: Стопанско-географски карактеристики на РСМ

Наставна содржина:

Занаетчиство и градежништво

*Занаетчиство*

Занаетчиството е стопанска дејност која ја вршат занаетчии во посебни работилници. Има производен и услужен карактер.

1. Занаетчиството се дели на **производно** и **услужно**.
   - Производното занаетчиство го опфаќа производството на традиционални производи од дрво, од метал, од кожа и од други материјали.
   - Во поново време се развиваат и нови производни занаети, како на пример, за потребите на превозните средства, разни делови и производи за потребите на домаќинствата и сл.
2. Услужното занаетчиство ги опфаќа: одржување инсталации, одржување автомобили, вршење естетско-хигиенски услуги, молеро-фарбарски услуги, угостителско-туристички услуги и друго.

*Градежништво*

Градежништвото е стопанска дејност која ги опфаќа проектирањето и изградбата на градежни објекти.

1. Градежништвото во основа се дели на **високоградба** и **нискоградба**.
   - Високоградбата ја опфаќа изградбата на згради и куќи
   - Нискоградбата ја опфаќа изградбата на патишта, железници, канали, цевководни системи и сл.

   Поголеми градежни претпријатија се: “Гранит”, “Бетон”, “Маврово”, “Пелагонија” и други. Во областа на градежништвото голема улога имаат и голем број на приватни градежни фирми.